**20241502611**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 12 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22 и 134/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2024 година

**ПРАВИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА УНИВЕРЗАЛНИОТ СНАБДУВАЧ**

Член 1

Во Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и 126/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/22), во членот 7 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) По исклучок на ставовите од (1) до (6), универзалниот снабдувач може и самостојно да набавува електрична енергија на организираниот пазар на електрична енергија во земјата или странство заради оптимизирање на своето портфолио и економичност и ефикасност на постапките, врз основа на претходно воспоставени правила од операторите на организираните пазари на електрична енергија на коишто учествува.“

Член 2

Овие правила влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1331/1
18 јули 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.